Друштво за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта ФЕРШПЕД АД
Бр. 02-444/7
29.03.2019 год.
СКОПЈЕ

До
**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
**ФЕРШПЕД АД Скопје**

Врз основа на чл.480 ст.3 од Законот за трговските друштва,Надзорниот одбор на Друштвото за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта ФЕРШПЕД АД Скопје до Собранието на друштвото го поднесува следниот

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД КОНТРОЛАТА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ФЕРШПЕД АД СКОПЈЕ ЗА 2018 г.

### 1.НАДЛЕЖНОСТ И СОСТАВ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

Надзорниот одбор има овластување да врши надзор врз управувањето со друштвото што го врши Управниот одбор на Фершпед АД Скопје како и да врши увид и да ги проверува книгите и документите на Друштвото.
Овластувањата на Надзорниот одбор се утврдени во Законот за трговските друштва и Статутот на Друштвото. Така согласно на Статутот на Друштвото Надзорниот одбор го надгледува целокупното работење на Управниот одбор од аспект на усогласеност со законите, внатрешните процедури и принципи на корпоративно управување, внатрешната контрола, следењето и реализацијата на зацртаната стратегија и други значајни аспекти во работењето а во интерес на успешен деловен потфат, на вработените и на акционерите.
Надзорниот одбор во своето работење одобруваше акти со кои се уредува политиката на објавување на значајни информации, активности поврзани со контрола и внатрешна ревизија.
Надзорниот одбор своето работење и активностите ги оствари на 7 редовни седници носејќи и соодветни одлуки.
Во состав на одборот се:

- Штерјо Наков Претседател на Надзорен одбор,
- Невена Ристовска член и
- Лидија Трајковиќ независен член
- На членот на Надзорниот одбор Г-дин Стојан Настовски му престана функцијата поради смрт.

Оваа ценовно чувствителна информација беше обелоденета на 15.03.2018г. на официјалната веб страница на Македонската берза.

## 2.ИЗВРШУВАЊЕ НА НАДЗОРНАТА ФУНКЦИЈА

На одржаните седници Надзорниот одбор ги разгледа и расправаше за сите значајни прашања во делот на своите овластувања, а пред се расправаше за неревидираните единечни финансиски извештаи и неревидираните консолидирани финансиски извештаи за претходната година, како и за периодот 01.01.- 31.03.2018 година , 01.01.- 30.06.2018 година , 01.01.- 30.09.2018 година , и тоа по сите структури: Биланс на успех, Биланс на состојба, Известување за паричен тек и Известувања за промени во главнината. Од непосредниот увид во доставените финансиски извештаи и соработка со членовите на Управниот одбор и раководните лица од соодветните стручни служби, Надзорниот одбор има донесено одлуки со кои се потврдуваат неревидираните единечни и неревидираните консолидирани финансиски извештаи на Друштвото.

Надзорниот одбор исто така изврши редовен увид врз управувањето со Друштвото што го врши Управниот одбор и го разгледа и потврди Годишниот извештај за работата на Друштвото и Годишниот извештај за работата на Групата Фершпед за период јануари-декември 2018 год.поднесен од Управниот одбор, по што ги препорача на собранието да ги усвои овие извештаи.

Надзорниот одбор заедно со финансиските извештаи ги разгледа и провери предлог Годишната сметка на Друштвото за 2018 година, предлог Консолидираната годишна сметка на групата Фершпед за 2018 г. и по нив даде позитивно мислење.

Понатаму, Надзорниот одбор го разгледа и одобри Планот за работа на ФЕРШПЕД АД Скопје за 2018 година.

Надзорниот одбор изврши увид во книгите и документацијата со која располага Друштвото, а кои се однесуваат на неговото финансиско работење, состојбата со имотот, хартиите од вредност, па при проверка на истите изрази мислење дека во тој дел работењето на Друштвото е во рамките на законската регулатива.

Надзорниот одбор на своја седница ги разгледа и единечните финансиски извештаи и консолидираните финансиски извештаи за годината која што заврши на 31.12.2018 година со извештаите за извршена ревизија и мислењето доставено од страна на независната ревизорска куќа Б и Љ Боро и Љупчо ДОО Скопје.
Во извештајот за единечни финансиски извештаи се наведува дека е извршена ревизија на предложените финансиски извештаи на ФЕРШПЕД АД Скопје кои се состојат од Биланс на успех, Извештајот за финансиската состојба на 31.12.2018 година, Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промени во главнината и Извештајот за парични текови за годината што тогаш завршува и прегледот на значајните сметководствени политики и останати белешки.

Во однос на консолидираните финансиски извештаи се наведува дека е извршена ревизија на консолидираните финансиски извештаи на ФЕРШПЕД АД Скопје и подружниците, кои се состојат од Биланс на успех, Извештајот за финансиската состојба на 31.12.2018 година, Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промени во главнината и Извештајот за парични текови за годината што тогаш завршува и прегледот на значајните сметководствени политики и останати белешки.

Ревизијата е извршена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија кои се во примена во Република Северна Македонија. Според мислењето на независните ревизори финансиските извештаи на ФЕРШПЕД АД Скопје и Консолидираните финансиски извештаи ја прикажуваат реално и објективно во сите материјални аспекти финансиската состојба на ФЕРШПЕД АД Скопје и на Група ФЕРШПЕД на ден 31.12.2018 г.,како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови во согласност со сметководствени стандарди прифатени во Република Северна Македонија освен изразеното мислење со резерва.
Исто така според мислењето на независните ревизори Годишниот извештај на друштвото и Годишниот извештај на Групата Фершпед се конзистентни со Годишната сметка на друштвото и Консолидираната годишна сметка како и со Финансиските извешти и Консолидираните финансиски извештаи за годината што завршува на 31.12.2018 г.

Надзорниот одбор разгледувајќи ги овие финансиски извештаи даде позитивно мислење .

## 3.СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Надзорниот одбор на ФЕРШПЕД АД Скопје во делокругот на своите законски надлежности ги разгледувашеи ги усвои по периоди извештаите на Службата за внатрешна ревизија. При тоа во согласност со Планот за работа на оваа Служба за 2018 г. беа разгледувани кварталните извештаи (јануари-март, април-јуни, јули-септември, октомври-декември) во кои се опсервирани контролираните процеси, описот на извршените ревизии според утврдените процедури, оценката за ниво на ефикасност на процедурите и корективните мерки кои биле препорачани како и нивната имплементација.
Врз основа на чл.415-в (2) Надзорниот одбор изврши контрола над Полугодишниот извештај за работењето на Службата за период јануари-јуни, 2018 г. и даде позитивна оценка за активностите кои се спроведени и за резултатите од контролата, односно донесе одлука за усвојување на полугодишниот извештај.
Службата за внатрешна ревизија до Надзорниот одбор поднесе Годишен извештај за своето работење за период 01.01-31.12.2018 година.Овој извештај беше разгледан и усвоен на седница на Надзорниот одбор.

Согласно на одредбите од Статутот на Друштвото како и чл.415-б од Законот за трговските друштва, Надзорниот одбор го усвои Планот за работа за 2019 г. на Службата за внатрешна ревизија.

Работењето на Надзорниот одбор во 2018 г. беше во согласност со законските надлежности, интерните акти на друштвото со кои се уредува деловната политика како и следењето на трендовите во областа во која дејствува друштвото.

Сите погоренаведени одлуки и документи Надзорниот одбор ги носеше во транспарентна и документирана постапка, вршејќи при тоа соодветен надзор врз управувањето со Друштвото што го врши Управниот одбор. Надзорниот одбор констатира дека Управниот одбор на друштвото во деловната 2018 година ги донесе и спроведе следните позначајни одлуки: Одлуки бр.02-1/4 од 03.01.2018, бр.02-176/6 и 02-176/7 од 12.02.2018, бр.02-291/7-1,02-291/7-2,02-291/7-3 и 02-291/7-4 од 09.03.2018, бр.02-485/12 од 26.04.2018, бр.02-771/5 , 02-771/6 и 02-771/7 од 06.06.2018, бр.02-950/4 и 02-950/5 од 10.07.2018, бр.02-1110/7 од 30.08.2018, бр.02-1305/5 од 15.10.2018. Членовите на Надзорниот одбор дадоа активен и значителен придонес во функционирањето на одборот. Врз основа на принципите на добро корпоративно управување се одвиваше и соработката со Управниот одбор во деловната 2018 г. за што Надзорниот одбор му дава целосна поддршка на одборот во насока на остварување на добри деловни резултати. Истовремено Надзорниот одбор изразува очекувања дека и во наредната деловна година Управниот одбор успешно ќе го води работењето на Друштвото, преземајќи активности во насока на одржување на позицијата која ја има стекнато Друштвото во деловното окружување.

Надзорниот одбор ги разгледа и потврди предлог одлуките донесени од страна на Управниот одбор на Друштвото кои се поставени на дневен ред на Годишното Собрание на акционери.

## <u>4.МИСЛЕЊЕ</u>

Надзорниот одбор му предлага на Собранието на акционери на ФЕРШПЕД АД Скопје да донесе Одлуки со кои ќе ги одобри и усвои:

- Единечните финансиски извештаи, консолидираните финансиски извештаи и Извештаите на независниот ревизор Б и Љ Боро и Љупчо ДОО Скопје за годината завршена на 31.12.2018 година;
- Годишната сметка на Друштвото и Консолидирана годишна сметка на Групата Фершпед за 2018 година ;
- Годишниот Ивештај за работа на Друштвото за период јануари-декември 2018 година како и Консолидиран Годишен извештај за работа на Групата Фершпед за 2018 г. ;
- Предлог Одлука за распределба на добивката ;
- Предлог Одлука за утврдување на износ и датуми за исплата на дивиденда ;
- Предлог одлука за усвојување на Годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија за 2018 година;
- Предлог одлука за измена на Статутот на друштвото ;

- Предлог одлука за избор на овластен ревизор за 2019 г.

Поднесувајќи го извештајот за своето работење до Годишното собрание, Надзорниот одбор изразува особена благодарност и на вработените за нивниот работен ангажман во изминатата деловна година.

**29.03.2019 година**

**Членови**
Невенка Ристовска

Лидија Трајковиќ

**Претседател на Надзорен одбор**
Штерјо Наков